**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Државен просветен инспекторат**

Број: **09-255/3**

21.02.2024 година

Тетово

**ООУ„Лирија“ општина Тетово**

| | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | **ООУ„Лирија“ општина Тетово** |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 08.11.2023 година до 10.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 4/Полошки регион/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Андријана Томовска |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Тетово |
| **Наставен јазик:** | Македонски и Албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 1132 |
| **Полова структура на ученици:** | 544 машки и 588 женски |
| **Број на наставници:** | 73 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Лирим Амити |
| **Директор на училиштето:** | ВД Фарије Касами |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 20-22.03.2019 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.Дервиш Цара бр.6 1200 Тетово |
| **Телефон:** | 044/335 583 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | liria.te@gmail.com<br>liria@tetova.gov.mk |
| **Оценка од интегрална евалуација** | **Делумно задоволува ( 2,47)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветната инспекција од 08.11.2023 година до 10.11.2023 година, тим од четири Државни просветни инспектори ја спроведоа втората фаза-имплементација од интегралната евалуација на работата на ООУ„Лирија“ општина Тетово.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

При спроведувањето на интегралната евалуација се вреднуваше квалитетот и ефективноста на воспитно –образованиот процес, примената на законските и подзаконските прописи и други акти во училиштето. Исто така, при реализација на фазата за имплементација, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директор на училиште, со стучни соработници, со Училиштен одбор, со Ученичкиот парламент, разговори со група на ученици и наставници по стручни активи, и прегледана е педагошката евиденција и документација што се води во училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од Државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Лирија“ општина Тетово е **делумно задоволува (2,47)[1].**

Наставата во училиштето се изведува во еден објект во централното градско подрачје изграден од цврста градба во далечната 1947 година. Во училиштето реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта донесен од Министерот за образование и наука.

Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето, но и во планирањата на наставниците интегрирани се и кркатеристики на локалната средина, застапени се содржини од граѓански интерес односно одбележување на значајни датуми од историјата, прослави на значајни празници, личности или места на општината, како и организирање на акции од различен карактер и слично. Во дел од планирањата на наставниците застапена е родова и етничка рамноправност, а помалку застапено е планирањето на диференцирани цели за учениците кои потешко напредуваат како и учениците кои покажуваат исклучителни резултати.

Во училиштето има 7 (седум) ученици со посебни образовни потреби инсклузирани во редовната настава, со медицинска документација од надлежна институција. Во училиштето формиран е Училишен инклузивен тим и посебни инклузивни тимови за учениците со посебни образовни потреби. За 4 (четири) ученици кои се категоризирани според МКФ обезбедни се образовни асистенти преку ОУРЦ „Златан Сремац“ – Скопје. За инклузираните ученици се изработуваат ИОП или модифицирана програма според Концепцијата за инклузија и решенијата од МКФ. Со оглед на тоа што во училиштето постојат посебни паралелки, Директорот на училиштето со одлука има формирано Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Во училиштето има воспоставено јасна процедура за избор на изборните предмети, и при изборот на наставни предмети се почитуваат потребите и барањата на учениците и волјата на родителите.

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Воннаставните активности се реализираат преку секциите, организирани излети и екскурзии, приредби и слични активности. Училиштето имаа склучено меморандум за партнер училиште за реализација на активности од меѓуетничка интеграција ООУ„Гоце Делчев“ општина Тетово и има планирано и реализирано бројни воннаставни активности како во рамки на училиштето така и со партнер училиштето.

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по пол и паралелки. Училиштето има изготвено полугодишен и годишен извештај во кој има показатели за постигнувањата на учениците.

Во училиштето има процедури за следење на планирањата на наставата од страна на стручната служба и директорот на училиштето.

Наставниците изготвуваат планирања (глобалните, тематско-процесните и оперативни планирања за наставен час, неделни планирања и сценарија во одделенијата кои работаат според Концепцијата за основно образование) и истите ги доставуваат кај стручната служба на почетокот на учебната година. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината. Поголемиот дел од планирањата на наставниците ги содржаат неопходните елементи за организација и реализација на часот. Дневните планирања на наставниците ги содржат целите на наставата, и истите се усогласени со тематските планирања. Кај поголем дел од планирањата недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат, со исклучок на наставниците кои релизираат настава со учениците со посебни образовни потреби. Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи при реализација на наставата. Наставниците од одделенска настава користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа. Од посетата на часовите, во наставниот процес се забележува речиси ист приод за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците, а наставниците поретко применуваат наставни техники. Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат и други видови на настава (дополнителна, додатна настава и други активности), имаат изготвено програма за истите и реализацијата се евидентира во електронските дневници на паралелките.

Сите наставници се обучени за употреба на информатичко- компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата, но во текот на имплементацијата на интегралната евалуација, беа реализирани незначителен број на часови со примена на информатичка технологија и дигитални содржини.

Во рамки на годишните програми за работа на Директор и стрчната служба планирано е следење на наставниот процес преку посета на наставни часови, но во последните три учебни години нема реализирани посети на наставни часови од страна на директорот и стручната служба.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи кои го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандардите за оценување. Најголем број наставници оценувањето го вршат преку примена на формативното и сумативното оценување со сите форми за оценување. Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување преку кои го

следат и оценуваат напредокот на учениците. Најголем дел од наставниците континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Дел од наставниците даваат повратна информација, која го поттикнува ученикот да размислува за подобрување на постигнувањата

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има протоколи како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и вработените.

Хигиената во училиштето е добра, а во училиштето се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор. Училишниот двор е чист и хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во учлниците и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена.

Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето се организираат предавања и работилници од обласа на грижа за здравјето и превенција од различни болести. Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава, и за нив грижа водат одделенските раководители.

Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба повремено помага на учениците со емоционални проблеми и нивните родителите, кога се појавува таков случај, и по потреба ги упататуваат до релевантни институции

За можностите за понатамошно образование на учениците добиваат инфорации од своите наставници, а најчесто преку раководителите на паралелките, кои на одделенски час разработуваат теми за професионална ориентација. Стручната служба на училиштето има планирано активности за професионална ориентација со учениците од завршните одделенија, но истото ретко се реализира, а за професионалната ориентација најчесто добиваат информации од наставниците и презентациите од средните училишта.

Училишната клима и односите во училиштето се задоволителни. Училиштето постојано работи на создавање позитивна клима преку различни слогани истакнати во училиштето, реализација на теми на одделенски часови и презентации на стручни активи на таа тематика Поголем дел од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што е потврдено во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите и има распоред за дежурни наставници.

Училиштето се грижи за здравјето на учениците, ги негува родовата припадност, а посебно е ставен акцент на планирање, организирање и реализирање на активности од мултикултурализам, унапредување на интекултурализмот и развивањето на граѓанската свест и активизам, како интерно со хетерогени групи во рамки на училиштето, така и со партнер училиштето.

На постигањата на учениците се посветува особено внимание, што може јасно да се види од постигнатиот успех на учениците на крајот на последните три учебни години во континуитет. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и

дисциплината на учениците. Училиштето има резултати во постигнувањата на учениците како во редовната настава по одредени предмети така и во вонннаставните активности. Личните постигнувања исто така се промовираат и на патрониот празник на училиштето, и на веб страната на училиштето, учество на радио и телевизиски емисии и слични медиуми.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава по Норматив. Просторни услови во училиштето ги задоволуваат потребите за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците.

Училиштето располага со потребна литература и наставни нагледни средства и помагала за реализација на наставата, но не во доволна мера и застарени изданија. Училиштето ги утврдува потребите за наставни нагледни средства и помагала на состаноците на наставнички совет, преку активите во училиштето, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема, но нема систем за следење на нивната употреба и одржување, и истите ги обновува согласно финансиските можности.

Училишната библиотека располага со вкупно 14073 примероци на книги. Во училиштето има вкупно 7137 лектирни изданија на албански јазик и 4993 на македонски јазик. Од стручна литература вкупно 40 книги на македонски јазик и 53 на албански јазик. Во рамки на библиотечниот простор нема читална и нема медиотека, а просторијата е прилагодена за библиотека..

Од стручна служба во училиштето има 1 (еден) психолог, 1 (еден) педагог, 2 (два) библиотекари. Во училиштето се вработени и 4 (четири) дефектолози односно специјални едукатори и рехабилитатори, но истите реализираат настава во паралелките со ученици со посебни потреби. За време на интегралната евалуација во училиштето нема наставници со несоодветно образование. Исто така, за време на интегралната евалуација во училиштето има 2 (двајца) наставници – приправници на кои во тек е приправничкиот стаж. Во училиштето има наставник кој кариерно напредувал, во звање наставник – ментор согласно со законската регулатива.

Наставниот кадар е делумно обучен за работа со деца со посебни образовни потреби, односно наставниот кадар има следено обука за изготвување на индивидуален образовен план и модифицирана програма за децата со попречност категоризирани според МКФ. Помош и поддршка наставниицте добиваат од Центарот за поддршка на деца со попреченост формиран во училиштето. Раководниот кадар и наставниот кадар се обучени за планирање, организација и реализација на активности од меѓуетничка интеграција и интеркултурно образование.

Училиштето изготвува Програма за професионален и кариерен развој на наставниот кадар, и истата се темели на личен план за професионален развој изготвен од наставниците индивидуално. Најголем дел од наставниот кадар има изготвено индивидуални програми за професионален и кариерен развој.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето при донесување на завршната сметка на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и се носат од страна на училишен одбор.

Работата на училишниот одбор е дефинирана со Деловникот за работа но истиот има потреба од измени и дополнувања односно усогласување со важечките законски регулативи, а состаноците се одржуваат и реализираат со утврден кворум за работа. Членовите на Училишниот одбор истакнуваа потреба од обука за успешно и целосно извршување на нивните обврски дефинирани во Законот и подзаконските акти. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури, и повремено обезбедува информации за својата работа на другите субјекти вклучени во образовниот процес. Училишниот одбор недоволно покренува иницијативи за активности кои се однесуваат на креирање на

училишните политики и афирмирање на училиштето, како и иницијативи за планирање и организирање на активности кои ја отсликуваат образовната стратегија на државата во целина.

Раководниот орган има визија за развојот на училиштето и со истата се запознаени чинителите во училишната организација и истата ги отсликува реалните потреби на училиштето. Раководниот орган повремено го следи работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес, донесува одлуки, се фокусира на приоритетите кои се поставени во училиштето и од претходните директори, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со бр.0102-58/1 од 03.02.2020 година, одобрен од страна на Министерството за образование и наука со Решение со УП1 бр.18-777 од 13.03.2020 гоидна и Решение за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ „Лирија“ општина Тетово со УП1 бр.18-3213 од 21.12.2022 година.

Училиштето има изготвено Самоевалуација со бр.0102-343/1 од 15.08.2023 година.

Училиштето има изготвено Програма за развој на училиштето со бр.0102-713/1 од 03.11.2023 година, која ги содржи приоритети за развој на училиштето во наредните четири години.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со бр.0102-477/2 од 15.08.2023 година.

Училиштето за учебната 2022/2022 година, има изготвено Годишен извештај со бр.0302-420/2 од 22.06.2033 година.

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година, Годишниот извештај за учебната 2022/2022 година, Самоевалуацијата на училиштето и Програмата за развој на училиштето се разгледани и усвоени од Училишниот одбор.

Училиштето со Одлука бр. 0202-640/1 од 09.12.2022 година, има формирано Тим за училишна интеграција, а за партнер училиште склучен е меморандум за соработка со ООУ„Гоце Делчев“ општина Тетово.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, има регистриран училишен спортски клуб, Здружение Училишен спортски клуб ТОП СПОРТ – Тетово, и истиот е регистриран во евиденцијата на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## Карактеристики на училиштето

ООУ „Лирија“ општина Тетово е центарско општинско основно училиште. Во училиштето настава се изведува на македонски и албански наставен јазик.

Училишниот објект е изграден во далечната 1946 година, а отпочнало со работа во 1950 година. Истото е основано од страна на Народен одбор на град Тетово. Училиштето има својство на правно лице, стеканот со упис во Централен регистар на Република Северна Македонија, со Даночен број:4028965115044, Матичен број: 4035097 и Жиро сметка: 769010730790314.

Наставата во училиштето се одвива во две смени и тоа паралелките од VI-то до IX-то одделение следат настава во прва смена, а втора смена се паралелките од одделенска настава, односно во иста смена настава следат паралелки од различни етникуми. Во учебната2023/2024 година запишани се вкупно 1132 ученици и тоа 544 машки и 588 женски распоредени во 54 паралелеки.

Наставата се реализира во една училишна зграда. Наставата се изведува во 24 училници и истите во најголем дел се добро уредени, односно постојат добри услови за реализација на задолжителната настава. Во училиштето нема кабинетска настава, односно училиштето располага со 1 (еден) импровизиран кабинет по Информатика, кој не ги исполнува минимум условите за реализација на настава по Информатика. Училиштето располага и со дополнителни простории: просторија за библиотека, наставничка канцеларија, 3 (три) административни простории, просторија за домаќин и фискултурна сала и други мали помошни простории. Во рамки на училишниот простор поставен е и монтажен објект со пристапни делови за учениците со посебни потреби кои следат настава во посебните паралелки. Во рамки на монтажниот објект постојат две училници, 1 (една) сензорна соба и тоалет кој е пристапен и достапен за учениците со посебни образовни потреби.

Наставата во училиштето ја реализираат 73 наставници од кои 7 наставници имаат завршено втор циклус на студии, 64 наставници се со високо образование, 2 наставници имаат завршено вишо образование, 7. На неопределено работно време се вработени 59 наставници и 14 наставници на определено работно време. Според полот 65 се жени и 8 се мажи, а според етничката припадност 28 наставни се македонци а 45 се албанци. Според работниот стаж во воспитно образовни установи 28 наставници се до 10 години работен стаж, 20 наставници се со стаж од 11-20 години, 18 наставници се со работен стаж од 21-30 година, а 7 наставници имаат работен стаж повеќе од 30 години.

Настава се изведува во една училишни зграда од цврста градба. Училишнта зграда се состои од 2 (два) ката, како и подрумски дел кој целосно е пренаменет во училници со вкупна површина на објектот од 2799 м2. Училиштето располага со училишен двор на површина од 3992м2, и во истиот простор се спортските терени, а 1049 м2 се зелена површина која е хортикултурно уредена. објект од цврста градба со површина од 258 м2 и училишен двор од 1187 м2.

Училиштето има план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонnаставните активности.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставата во ООУ „Лирија“ општина Тетово, се реализира според наставниот план за деветгодишно основно образование и во согласност со наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставниот план содржи задолжителни предмети, изборни предмети и други активности понудени од училиштето, сите распределени по одделенија и по број на часови неделно и годишно. Со новата Концепција за деветгодишно основно образование намален е бројот на предмети, а зголемено е времето за учење и престој на учениците во училиште. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедуваат постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем. Наставата по наставниот предмет Физичко и здравствено образование се реализира со потешкотии поради големиот број на паралелки и ученици во истите, кои во исто време реализираат настава во една мала сала, која е во состав на училишниот објект.

Во програмите за прво, второ, трето, четврто, петто и шесто одделение се наведуваат националните стандарди, базирани на компетенции, кои учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните одделенија, пред сè компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, како и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците.

Наставниците своите глобални, тематски планирања и оперативните планови за наставните часови за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на Наставниот план и наставните програми. Раководниот тим на училиштето во својата архива има наставни планови и програми за одделенска и за предметна настава. Во дел од планирањата на наставниците застапена е родова и етничка рамноправност, а помалку застапено е планирањето на диференцирани цели за учениците кои потешко напредуваат како и учениците кои покажуваат исклучителни резултати.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, најчесто преку состаноцит на Советот на родители, родителски средби, изготвена брошура. Информирањето се спроведува на почетокот на учебната година.

Во училиштето има 7 (седум) ученици со посебни образовни потреби инсклузирани во редовната настава, со медицинска документација од надлежна институција. Во училиштето формиран е Училишен инклузивен тим и посебни инклузивни тимови за учениците со посебни образовни потреби. За 4 (четири) ученици кои се категоризирани според МКФ обезбедни се образовни асистенти преку ОУРЦ „Златан Сремац“ – Скопје. За инклузираните ученици се изработуваат ИОП според Концепцијата за инклузија и решенијата од МКФ. Со оглед на тоа што во училиштето постојат посебни паралелки, Директорот на училиштето со одлука има формирано Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост.

Во училиштето се реализираат и изборни предмети, и при изборот на наставни предмети се почитуваат потребите и барањата на учениците. Во училиштето има воспоставено јасна процедура за избор на изборни наставни предмети, преку прашалници каде се понудиени неколку изборни предмети, како и во согласност со Водич за слободни изборни предмети во основно образование за паралелките кои следат настава сопоред Концепцијата за основно образование. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите.

Стручните активи од сродните предмети соработуваат и работаат по изготвени програми, особено активите од одделенска настава кои планираат и реализираат настава

по новата Концепција за основно образование. Соработката е интензивна при изготвување на глобалните и тематските планирања, односно при изработка на Планирањата за реализација на наставната програма, неделните планирања и сценаријата за наставните часови.

Преку програмите за слободни ученички активности, додатната настава и во рамки на проектите кои се реализираат во наставата се нудат спортски, музички, драмски, литературни, ликовни и еколошки активности, хуманитарни акции, креативни работилници, а со тоа училиштето ги задоволува интересите и потребите на повеќето ученици.

За учениците од прво до петто одделение има изработено проширена програма за прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовна настава и еден час по завршувањето на редовната настава.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците изработуваат годишни и тематски планирања според наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето. Кај дел од наставниците планирањата според квалитетот се на добро ниво. Училиштето понекогаш прибира и разгледува мислења за наставните планови програми и учебниците, наставните средства и помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултуран сензитивност и тоа најчесто на состаноците на Советот на родители, родителските средби, Наставничкиот совет, Училишниот одбор преку разговор, но во училиштето не постојат пишани примери за покренати иницијативи.

Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето, како и во рамки на годишните и тематските планирања на наставниците постојат голем број на примери на планирани активности кои имаат за цел негување на мултикутурализмот и унапредување на интеркултурализмот.

Училиштето прави напори за реализација и подобрување на квалитетот на наставата. За таа цел наставниците следат обуки за стручно усовршување. Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување се прибираат од страна на стручната служба на училиштето, а реализираните обуки повремено се евидентираат во педагошки картони на наставниците од страна на стручната служба во училиштето. Од приложената доказна документација може да се забележи дека наставнциите самостојно ги водат и ажурираат педагошките картони.

Училиштето води грижа за постигнување на општите и посебните цели од наставните планови и програми.

Во годишната програма за работа на училиштето има интегрирано крактеристики на локалната средина и застапени се содржини од граѓански интерес односно одбележување на значајни датуми од историјата, прослави на значајни празници, личности или места на општината, како и организирање на акции од различен карактер и слично.

Меѓупредметните цели како што се: развивање на самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различноста и основните човекови права како и свест за припадност на својата земаја се застапени и интегрирани во рамки на програмите кои се реализираат кај повеќето од наставните предмети.

Училиштето на состаноците на формалните органи, повремено дискутира за применуваните наставни планови и програми . Кај поголемиот дел од наставниот кадар и од претставниците од редот на родителите преовладува мислењето дека примерите на активности дадени во наставните програми се со акцент на активното учество на ученикот и даваат јасни насоки како наставникот треба да ги организира и реализира активностите на часот, преку експерименти, истражувања, решавање проблеми, дискусии со учениците и соодветствуваат за возраста на учениците. Во училиштето е дискутирано за потребата

од измена и дополнување на наставниот план и програмите, но нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

### 1.3 Вонnаставни активности

Училиштето планира и реализира вонnаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Вонnаставните активности се реализираат преку секциите, организирани излети и екскурзии, приредби и слични активности. Училиштето имаа склучено меморандум за партнер училиште за реализација на активности од меѓуетничка интеграција ООУ„Гоце Делчев“ општина Тетово и има планирано и реализирано бројни заеднички вонnаставни активности.

Учениците се вклучуваат во вонnаставните активности, според својата желба и по сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонnаставна активност. Во вонnаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Секој наставник кој реализира вонnаставни активности има изработено соодветната програма за работа. Слободните активности се застапени во голема мера преку секциите во училиштето.

Училиштето за афирмирање на вонnаставните активности учествува на манифестации, конкурси, натпревари, настапи и обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција. Исто така училиштето користи повеќе медиуми за промоција и афирмација во средината како социјални мрежи, интернет страната на училиштето и брошури. Во последните три учебни години училиштето учествувало на повеќе општински, регионални, државни и меѓународни натпревари од различни области, и учениците имаат постигнато солидни резултати.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на вонnаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. За планираните излети и екскурзии училиштето изготвува програма за реализација за која добива согласност од родителите, БРО и секторот за образование во општината.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, има регистриран училишен спортски клуб, Здружение Училишен спортски клуб ТОП СПОРТ – Тетово, и истиот е регистриран во евиденцијата на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по пол и паралелки. Училиштето има изготвено полугодишен и годишен извештај во кој има показатели за постигнувањата на учениците. Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година, изнесува 4.50 а во учебната 2021/2022 година, изнесува 4.70 и во учебната 2022/2023 година изнесува 4,80 се забележува незначително зголемување на успехот на учениците.

Во последните три учебни години, сите учениците имаат примерно поведение. Училиштето прави споредбени анализа за успехот на учениците постигната во првото полугодие и успехот постигнат на крајот на учебната година, со цел да се преземат мерки и активности за континуирано добри постигања и да се види разликата на постигнувањата на учениците во првото полугодије и на крајот на учебната година.

Дел од наставниците им даваат подршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии тешкотии во учењето, најчесто по проценка на наставникот,а ретко по потреба или барање на ученик или родител. Понекогаш во училиштето се реализира и додатна настава за ученици кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, а најчесто пред одржување на натпревари. Во училиштето има 7 (седум) ученици со посебни образовни потреби инклузирани во редовната настава. Сите се со мислење и категоризација од соодветна институција и истите се оценуваат согласно изготвените индивидуални образовни планови.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус, и доколку се јават разлики во постигањата, повремено се прават анализи на причините за ваквата појава.

Училиштето поседува информација за тоа каде го продолжуваат своето образование учениците кои завршиле основно образование.

Во последните три учебни години, училиштето редовно реализира заеднички воннаставни мултиетнички активности со други училишта од општината, а најчесто со партнер училиштето ООУ „Гоце Делчев“ општина Тетово, и во тие активности биле вклучени ученици од двете училишта а со цел унапредување на интеркултурноста, прифаќање на различностите, надминување на бариерите, стереотипите и предрасудите. Училиштето особено внимание и ангажман посветува на меѓуетничката интеграција и унапредување на интеркултурализмот кај учениците.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Постои утврдена реонизација донесена од Советот на Општина Тетово за запишување на учениците во основните училишта на територијата на општината. Училиштето обезбедува услови за запишување на децата во прво одделение што значи се опфатени сите ученици кои престојуваат и живеат во реонот на училиштето, вклучувајќи и условите за запишување на деца со посебни образовни потреби. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение и Комисија за запишување на деца во прво одделение со надминатаа возрасна граница. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици

Во учебната 2020/2021 година, вкупниот број на запишани ученици изнесува 1170 ученици распоредени во 55 паралелки, во учебната 2021/2022 година вкупниот број на запишани ученици изнесува 1220 ученици, во учебната 2022/2023 година вкупниот број на

запишани ученици изнесува 1155, и во учебната 2023/2024 година запишани се вкупно 1132 ученици според евиденцијата во електронскиот дневник на училиштето

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. Се следи осипувањето на учениците, за кое стручната служба има податоци. Според нивната анализата осипувањето на учениците последните години е незначителен, а како причина за истото наведуваат дека е иселувањето во друг дел од општината, државата или во странство.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и повремено презема активности. Од анализите во училиштето во однос на изостаноците на учениците во последните три учебни години се забележува тенденција на зголемување на изостаноците и оправдани и неоправдани. Бројот на изостанувања од настава на учениците во учебната 2020/2021 година е 10550 од кои 6134 оправдани и 227 неоправдани изостаноци, во учебната 2021/2022 година е 23336 од кои 14416 оправдани и 1126 неоправдани изостаноци и во учебната 2022/2023 година е вкупниот број на изостаноци е 22758 од кои 14001 оправдани и 1009 неоправдани изостаноци.

Училиштето има изготвено план за советување на родителите. Советувањето на родителите го врши психологот во училиштето, најчесто во групи составени од родители на ученици со исти или слични тешкотии, но биле реализирани и индивидуални советувања. Бројот на реализирани советувања не ја отсликува релната на потребата од советување по различни основи. За реализираните советувања на родителите, се води документација, а најчести причини за советување на родителите се: намален успех и несоодветно однесување.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. Се следи осипувањето на учениците, за која училиштето поседува податоци. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Испишувањето, но и запишувањето на учениците е поради промена на местото на живеење.

## 2.3 Повторување на ученици

Од увидот направен во училишната евиденција и документацијата, како и од увидот во извршените анализи за постигањата на учениците на крајот на последните три учебни години, констатирано е дека во последните три учебни години, сите ученици ја завршуваат годината.

Во училиштето се идентификуват и се анализираат причините за учениците кои во првото полугодие имаат слаби оценки по некои наставни предмети, и повремено се преземаат активности за подобрување на успехот на крајот на учебната година.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор, доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на учебната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има договорен приод за следење и поддршка на планирањата на наставата од страна на директорот и педагогот. Наставниците изготвуваат планирања (глобалните, тематско-процесните и оперативни планирања за наставен час, неделни планирања и сценарија во одделенијата кои работаат според Концепцијата за основно образование) и истите ги доставуваат кај стручната служба на почетокот на учебната година. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината.

Поголемиот дел од планирањата на наставниците ги содржаат неопходните елементи за организација и реализација на часот. Дневните планирања на наставниците ги содржат целите на наставата, и истите се усогласени со тематските планирања.

Училиштето нема развиено систем за детектирање на ученици со потешкотии во учењето и талентирани ученици, поради што во оперативните планирања за наставен час и сценаријата за час, не се застапени и планирани диференцирани цели и диференцирани активности. Наставниците кои реализираат настава во паралелките каде настава следат учениците со посебни образовни потреби, изготвуваат индивидуални образовни планови и истите се изготвуваат во соработка со Училишниот инклузивен тим. Истите ги планираат и применуваат планираните активности за учениците со посебни образовни потреби, кои поседуваат наод и мислење од соодветна институција.

Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат и други видови на настава (дополнителна, додатна настава и други активности), имаат изготвено програма за истите и реализацијата се евидентира во електронските дневници на паралелките.

Во училиштето постои соработка и размена на искуства и идеи кај дел од наставниците при подготовката на нивните планирања во стручните активите, а соработката е најистакната во одделенска настава.

Распоредот на часови се изготвува од страна на одговорен наставник и е направен според просторните и кадровските можности на училиштето, додека пак наставниците од одделенска настава сами го изработуваат распоредот на часови. Училиштето изработува и распоред за додатна и дополнителна настава на месечно ниво.

## 3.2 Наставен процес

За време на фазата имплементација од интегралната евалуација извршена е посета на наставни часови кај најголем дел од наставниците.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи при реализација на наставата. Наставниците од одделенска настава користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа. Од посетата на часовите, во наставниот процес се забележува речиси ист приод за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците, а наставниците поретко применуваат наставни техники.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата и редовно се користат 3 (три) смарт табли.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и најчесто поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности е во корелација со наставната единица. Наставниците користат најразлични материјали и наставни средства за постигање на интеракција на часот. Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи.

Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и поголем број од учениците се активни во процесот на учење. Постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Поголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и преземаат активности за надминување на таквите стереотипи доколку се појави таков случај.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, но во последниот период нема реализиарни посети на наставни часови од страна на директорот и стручната служба. Наставниците - приправници се посетуваат често од страна на нивните ментори. Евиденцијата од посета на часови се бележи во изготвен формулар за следење на час како и посебни формулари со извештај за следење, помош, и сугестии за приправникот. Наставниците приправници добиваат стручна помош и поддршка во текот на приправничкиот стаж и подготовките за полагање на стручен испит од страна на наставник-ментор кој напредувал во звање согласно со законската регулатива.

Кај дел од наставниците, за време на наставниот процес преовладува интерактивна настава, а тоа особено се забележува во одделенска настава. Учениците се вклучени во процесот на учење и соработуваат меѓу себе. Интеракцијата на релација наставник-ученик е застапена, а делумно е застапена интеракцијата ученик-ученик.

Реализацијата на ЕКО проектот е според планирањата. Поголем дел од наставниот кадар се обучени за интегрирање на еколошки содржини во наставата. Повеќето од наставниците имаат планирано реализација на еко содржини во наставниот процес. Училиштето има изготвено план на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти. При реализација на еколошката програма вклучени се ученици и наставници. Направена е анализа на состојбите во училиштето, а наодите од анализите се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како делумно безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училиштето, и истите редовно се менуваат. Заедничкиот простор е исполнет со плакати и постери со воспитни и едукативни пораки како и со информативни содржини. Учениците сметаат дека во училиштето нема кабинетска настава и други простории што влијаат мотивациски кај учениците и потикнуваат интерес за учење.

Учениците сметаат дека понекогаш се учи на интересен начин овозможувајќи стекнување на компетенции за активно учество во демократско и мултикултурно општество, и понекогаш тоа е поврзано со практиката, реалниот живот односно секојдневието. Дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици

Голем дел на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги реализираат. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Во училиштето постојат примери за идентификување на образовните потреби на учениците од страна на одделенските раководители, како и останатите наставници, и се преземаат активности за помош и поддршка во процесот на успешно усвојување на

материјата согласно со нивните можности, компетенции и потреби. Во учебните години за време на пандемијата наставниците дополнителна настава имаат реализирано согласно со протоколите односно во вид на консултативни средби со физичко присуство.

Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици, а поретко применуваат наставни техники. Поголем дел од наставниците не изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците.

За подршка на учениците со посебни образовани потреби работаат посебни иклузивни тимови кои работаат според индивидуален образовен план со планирани активности согласно потребите и можностите на ученикот со попреченост. За 4 (четири) ученици со посебни образовни потреби категоризирани според МКФ обезбедени се образовни асистенти.

Во училиштето се планира и реализира дополнителна и додатната настава. Во училиштето постојат примери на препознавање на талентирани и надарени ученици. Со мал број од талентираните ученици се работи индивидуално, најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци, а не се работи континуирано во текот на цела година.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи кои го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандардите за оценување. Критериумите за оценување се применуваат врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои се реализира наставата. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување, и се задоволни со транспарентноста при оценувањето.

Најголем број наставници оценувањето го вршат преку примена на формативното и сумативното оценување со сите форми за оценување. Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување преку кои го следат и оценуваат напредокот на учениците. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проектни задачи, наставни ливчиња и слично. Поретко е застапено самооценувањето и меѓусебното оценување на учениците. Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми. Во сценаријата на наставниците кои реализираат настава по Концепцијата за деветгодишно основно образование се утврдени стандардите на оценување и напредокот на учениците. Најголем дел од наставниците континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно.

Учениците со посебни образовани потреби се оценуваат според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите на изготвените индивидуални образовни планови, а во соработка со инклузивните тимови.

Најголем дел од наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Дел од наставниците даваат повратна информација, која го поттикнува ученикот да размислува за подобрување на постигнувањата. Се почитува пристапот за давање на можност за поправање на оценките во сите класификациони периоди. Мал дел од наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има изграден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Системот вклучува прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката, како и препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат

организирани формални и неформални средби, индивидуални средби и групни средби со родителите. До родителите се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по квалификациони периоди. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

За успехот и постигнатите резултати се расправа на организирани индивидуални или групни родителски средби. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, а најголемиот број на родители имаат пристап до него. Проверката на електронскиот дневник е од страна на директорот, а повремено проверка прави и стручната служба. Училиштето редовно ги печати податоците од електронскиот дневник на месечно ниво.

# 4 Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Наставата во ООУ „Лирија“ општина Тетово се изведува во една училишна зграда сместена во централното градско подрачје. Училишниот објект е безбеден за изведување на настава, истиот има склучено договор за осигурување со осигурителната компанија Триглав осигурување АД со Полиса бр.010000172735 со што објектот осигуран е од пожар и некои други опасности за период 08.10.2023 година до 08.10.2024 година додека пак со Полиса бр.010000172736, училишниот објект ги има осигурано стаклото на прозорците во училишната зграда како и осигурана е опремата во училишна зграда. Финансиски средства за осигурување на училиштето и училишната опрема, обезбедени се од страна на основачот.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат (шахти, штекери, скали, лизгави површини и слично), се заштитени, но не се посебно означени. Учениците се свесни за нивното присуство и од страна на наставниците и другите вработени во училиштето, информирани се за можните опасности.

При несреќни случаи, во училиштето има 2 (две) вработени лица кои се обучени за давање прва помош на учениците. Истите поседуваат уверение за успешно завршена обука за прва помош, а училиштето располага со пакет средства за прва помош.

Училиштето има интерен акт - План за заштита и спасување - евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди и на ден 09.02 2022 година изведена е симулациска вежба од страна на Центар за безбедност за здравје при работа ЦБЗР Тетово. Училиштето нема чуварска служба и нема ангажирано надворешна фирма за обезбедување, а за безбедноста на учениците се одговорни дежурните наставници.

Во училиштето има 9 хидранти и 7 ПП апарати кои се распоредени на соодветни места во училишните објекти, а нивната исправност е проверена на ден 19.09.2023 година, од страна на овластен сервис за сервисирање, одржување и испитување на ПП апарати, стабилни системи и хидранти ,,Интерплам“ - Тетово. Училиштето поседува громобранова инсталација за истата има извршено техничка проверка за што училиштето поседува технички извештај од 2021. Во училиштето има интернет мрежа и телофонска врска.

Училиштето има протоколи како пишани документи (Училишен правилник во кој е дефиниран Куќен ред со дел.бр.0204-477/3 од 15.08.2023 година и Етички кодекс ) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците, другите вработени, родителите и истите се почитуваат. Во училиштето се бележат примери за насилство помеѓу учениците, а поголем дел од родителите и учениците училиштето не го сметаат училиштето за безбедна средина за учење. Има примери за одржани предавања и работилници за заштита на учениците од насилно и несоодветно однесување, работилници и предавања за вербално насилство и сајбер булинг насилство, позитивни и негативни последици од користење на интернет и социјални мрежи, реализирани во периодот од 2020 до 2023 година, како и примери од реализирани теми за време на наставните часови и реализирани активности во рамки на вонаставните активности и животни вештини. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Училиштето активностите за заштита и безбедност на учениците по потреба ги координира со надлежни институции. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето има знаци за забрана на пушење и забраната се почитува. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. Во училиштето, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето редовно организира предавања.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Училиштето нема училишна кујна, а учениците се хранат од околните објекти за исхрана, но вработените немаат увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Училиштето соработува со родителите на учениците со посебни образовни потреби и во соработка со ресурсниот центар ОУРЦ ,,Златан Сремац'' – Скопје, има обезбедено и тројца образовни асистенти за учениците по претходно добиена проценка од Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје. Учениците со посебни образовни потреби се вклучуваат и во вонаставните активности на училиштето. Во училиштето нема ученик со физичка попреченост. Иако во училиштето нема ученици со физичка попреченост, сепак пристапот во училиштето е приспособен за потребите на ученици со физичка попреченост. Просторот во ходниците и училниците не овозможува непречено движење на ученици со физичка попреченост, а во училиштето има прилагоден тоалет за ученици со физичка попреченост.

Училиштето има договорни процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици. Во училиштето има неколку ученици од социјално загрозени семејства, за кои училиштето преку организирани хуманитарни акции обезбедува помош на истите, а исто така и преку донации со помош на основачот, бизнис заедницата и локалната средина на овиев ученици им се обезбедуваат потребните материјали за следење на наставата

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во текот на учебната година, согласно законските прописи. Училиштето воспитно делува кај учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор. а последната е извршена на ден 31.08.2023 година.

Училиштето има програма и извештај за превенција за здравјето. За учениците училиштето организира систематски прегледи, а за вработените санитарен и систематски лекарски преглед. Превентивниот здравствен лекарски преглед (систематски) на вработените извршен е во месец јануари-февруари 2023 година во ПЗУ Медика Центре.

Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето се организираат предавања и работилници од областа на грижа за здравјето и превенција од различни болести. Во училиштето има ученици со

хронични заболувања и за нив информирани се одделенските раководители, но училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција.

Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба повремено помага на учениците со емоционални проблеми и нивните родителите, кога се појавува таков случај, и по потреба ги упататуваат до релевантни институции.

### 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование на учениците добиваат инфорации од своите наставници, а најчесто преку раководителите на паралелките, кои на одделенски час разработуваат теми за професионална ориентација.

Стручната служба на училиштето има планирано активности за професионална ориентација со учениците од завршните одделенија. Од добиените одговори на учениците во анкетните анонимни прашалници како и од разговорот со членовите на Училишниот парламент истанато е дека истото ретко се реализира, а за професионалната ориентација најчесто добиваат информации од наставниците и презентациите од средните училишта.

Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што може да ја добијат преку усни соопштенија, преку официјалната веб страна на училиштето, на родителски средби и преку Совет на родители.

Училиштето на учениците недоволно им обезбедува јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование. Училиштето редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информации за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал. Училиштето има увид во однос на тоа каде учениците кои го завршиле основното образование во училиштето, го продолжиле понатамошното образование.

### 4.4 Следење на напредокот на учениците

Одделенските раководители и наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина. Наставниот кадар континуирано води електронски дневник. Одделенските раководители постигнувањата на учениците ги евидентираат во електронскиот дневник на паралелката, евидентни листови, и главните книги.

Во училиштето постојат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни на увид на стручните соработници, директорот на училиштето, наставниот кадар во училиштето, родителите и учениците и истите се користат како показател или основа за подобрување на успехот на учениците.

Преминувањето на учениците во друго училиште е во согласност со законските прописи. Училиштето применува законски постапки со договорни процедури, при што доставува податоци за учениците кои преминуваат во друго училиште и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е добро познато во средината како центарско училиште и е препознатливо според својот традиционален имиџ кој со години е негуван. Дел од вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.

Училишната клима и односите во училиштето се задоволителни. Училиштето постојано работи на создавање позитивна клима преку различни слогани истакнати во училиштето, реализација на теми на одделенски часови и презентации на стручни активи на таа тематика. Односот помеѓу учениците е на добро ниво, и се базира на почитување и помагање, меѓусебно почитување на учениците од ист и од различен пол, и различен социјален статус. На добро ниво се и односот меѓу наставниците и учениците односно релацијата наставник-ученик, ученик-наставник, наставник-родител, родител-наставник, и наставник-наставник, но се забележуваат и случаи на отстапување од ваквото однесување. Родителите и учениците не го доживуваат училиштето како сигурна и безбедна средина, и истакнуваат потреба од организирање и реализација на повеќе активности за разрешување на конфликти и давање поголема помош и поддршка од страна на стручната служба и училишното раководство во случаи на насилство и разрешување конфликтни ситуации. Училиштето нема пишани процедури за постапување во случаи на насилство од сите видови, односно постапува повремено зависно од настанатата ситуација. Во училиштето не се применува Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување донесено од Министер за образование и наука. Училиштето отпочнало постапка за измена и дополнување на Статутот на училиштето со цел внесување одредби од упатството.

Училиштето се грижи за здравјето на учениците, ги негува родовата припадност, а посебно е ставен акцент на планирање, организирање и реализирање на активности од мултикултурализам, унапредување на интекултурализамот и развивањето на граѓанската свест и активизам, како интерно во рамки на училиштето, така и со партнер училиштето.

Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето. Дел од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што е потврдено во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Училиштето има изготвено интерен документ - Училишен правилник во кој е дефиниран Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури во училиштето. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување и истите се почитуваа. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати во работењето и функционирањето во училиштето. Во училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата од Кодексите. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите и има распоред за дежурни наставници.

Поведението на учениците споредбено за три години е примерно. Дисциплината на учениците во училиштето е задоволителна. Во училиштето се бележат случаи за изречени педагошки мерки за нередовноста на учениците, повеќе од три слаби оценки и непримерно однесување за време на наставата.

Според планот на активности за реализација на еко стандардите, дел од учениците се вклучени во реализација на точките на акција од еко-стандардите кои се однесуваат на чистење и одржување на училишниот објект и дворот, во собирањето и селектирањето на сметот, заштедата на електричната енергија, водата и друго. Училиштето поседува извешти од реализирани активности во рамки на мултиетничката еколошка секција, како и со ученици кои не се членови на секцијата.

Училиштето има формирано ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште). Формиран е ученичкиот парламент и истиот има изготвено програма за работа, но малку придонесува за решавање на проблемите и донесување на одлуки што се од непосреден интерес за учениците. Од разговорите водени со учениците и членовите на ученичкиот парламент постои отсуство на разбирање, објективност и проактивност од страна на мал дел од наставниците и службата за прифаќање и преземање на мерки и активности кои произлегуваат или се предлог на учениците, како и недоволна поддршка и активности од страна на стручната служба во однос на професионалната ориенатција на учениците.

### 5.2 Промовирање на постигањата

На постигањата на учениците се посветува особено внимание, што може јасно да се види од постигнатиот успех на учениците на крајот на последните три учебни години во континуитет. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците.

На наставничките и одделенските совети, стручните активи и родителските средби се промовират личните постигања на учениците. Училиштето нема пишана политика или процедура за поттикнување и наградување на наставниот кадар и учениците за учество во натпревари. На учениците се доделуваат пофалници, но нема развиен систем на наградување и пофалување на учениците кои покажале особен интерес и успех во учењето и на натпревари, како и на наставниците кои го помогнале тоа. Училиштето нема интерен акт или правилник за избор на ученик на генерација

Постигањата на учениците односно добиените пофалби и награди се поставени во училиштето. Личните постигнувања исто така се промовираат и на патрониот празник на училиштето, и на веб страната на училиштето, учество на радио и телевизиски емисии и слични медиуми.

Училиштето има резулати во постигнувањата на учениците како во редовната настава по одредени предмети, така и во воннаставните активности. Учениците кои покажуваат особени знаења и можности по одредени предмети учествуваат на натпревари на општинско, регионално, државно ниво и меѓународни натпревари.

За унапредување на личните постигања на учениците во училиштето се организираат слободни ученички активности. Учениците учествуваат и ги истакнуваат своите афинитети, желби и таленти. Учениците кои покажуваат особени знаења и вештини по одредени области учествуваат на литературни и ликовни конкурси, спортски натпревари, ликовни изложби, изложби на ученички творби, меѓуодделенски и одделенски натпревари, учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари

### 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата, и училиштето ги запознава учениците со нивните права. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.

Училиштето промовира еднаквост за сите вработени, ученици, како и за родителите. Учениците имаат можност преку предавања да учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст.

Училиштето нема организирано посебни работилници со родителите за запознавање со правата на децата, но родителите за тоа се запознаени преку нивните претставници во Советот на родители и на родителксите средби во паралеките.

Вработените во училиштето промовираат правичност и еднаковост во однесувањето кон учениците.

Во училиштето нема евидентирана и забележена дискриминација по било која основа кај учениците, наставниците и родителите. Учениците со посебни образовни потреби инклузирани во редовната настава се добро интегрирани во паралелките во кои следат настава.

Учениците учат да ја почитуваат својата и културата и традициите на другите етнички заедници во Република Северна Македонија. Училиштето планира и има реализирано бројни заеднички наставни или вон наставни активности со хетерогени групи за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените во самото училиште и со партнер училиштето.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Родителите учествуваат во работата на училиштето преку Совет на родители и преку своите претставници во Училишниот одбор. Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници на родителите во УО, во рамки на Статутот на училиштето. Соработката на училиштето со родителите и локалната заедница е релативно добра. Има мал број на примери на вклученост на родителите во активности организирани од училиштето.

Училиштето користи методи за комуникација со родителите, а најчесто соработката се остварува преку разговори со одделенските раководители на најмалку две родителски средби во едно полугодие, а има и примери на реализирани индивидуални родителски средби. Соработката на училиштето со родителите е јавна, транспарентна и перманентна. Училиштето континуирано превзема разни активности за да ги вклучи родителите во воспитно – образовниот процес. Родителите преку одделенските раководители, индивидуалните средби, е-дневник, и слично редовно се информирани за состојбата на училиштето, учениците, успехот за нивните деца и слично, и истите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Наставниците кои реализираат наставен план и програма според Концепцијата за деветгодишно основно образование и насоките кои на предлог на Биро за развој за образование се донесени од Министер за образование и наука, ги известуваат родителите за неделните планирања во тековната недела за следната користејќи најразлични форми.

Училиштето има соработка со локалната заедница преку вклученост во реализација на заеднички проекти, активности и организација и учество на настани од инстерес на заедницата. Преку своите претставници во Училишниот одбор локалната заедница е запознаена со ставовите, потребите и образовните политики за унапредување на статусот на училиштето.

Соработката со сите училишта на ниво на општина Тетово се одвива преку комуникацијата на наставниот кадар и раководните тела, како и преку индивидуални посети на училиштата. Меѓусебната комуникацијата на учениците со учениците од другите училишта се одвива преку општински натпревари и спортски настани и други активности.

Во училиштето постојат примери за остварена соработка со граѓанскиот сектор.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор во ООУ„Лирија“ општина Тетово како централно градско училиште ги исполнува условите за изведување на задолжителната настава. Настава се изведува во една училишна зграда изградена од цврста градба во далечната 1946 година. Училишнта зграда се состои од 2 (два) ката, како и подрумски дел кој целосно е пренаменет во училници со вкупна површина на објектот од 2799 $м^2$. Училиштето располага со училишен двор на површина од 3992$м^2$, и во истиот простор се спортските терени, а 1049 $м^2$ се зелена површина која е хортикултурно уредена.

Наставата се изведува во 24 училници и истите во најголем дел се добро уредени, односно постојат добри услови за реализација на задолжителната настава. Во училиштето нема кабинетска настава, односно училиштето располага со 1 (еден) импровизиран кабинет по Информатика, кој не ги исполнува минимум условите за реализација на настава по Информатика. Училиштето нема доволно просторни услови за организација и реализација на воннаставни активности со учениците. Училиштето располага и со дополнителни простории: просторија за библиотека, наставничка канцеларија, 3 (три) административни простории, просторија за домаќин и фискултурна сала и други мали помошни простории. Во рамки на училишниот простор поставен е и монтажен објект со пристапни делови за учениците со посебни потреби кои следат настава во посебните паралелки. Во рамки на монтажниот објект постојат две училници, 1 (една) сензорна соба и тоалет кој е пристапен и достапен за учениците со посебни образовни потреби.

ООУ „Лирија“ општина Тетово има 1 (една) фискултурна сала со вкупна површина од 210 $м^2$ од кои 40 $м^2$ е бина. Просторните услови за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование се недоволни, земајќи ја во предвид просечната бројка на ученици по одделенија. Фискултурната сала е стара но повремено се одржува. Во фискултурната сала се реализират часови по Физичко и здравствено образование дури и до 2 (две) паралелки во зимскиот период. Во рамки на фискултураната сала постојат соблекувални. Училиштето располага со два спортски терени во рамки на училишниот двор и тоа едниот од 22 $м^2$ и другиот 42 $м^2$.

Во рамки на училишниот двор има паркинг простор за вработените во училиштето.

Санитарни простории има во доволен број за учениците како и за вработените, односно 7 (седум) тоалети од кои 4 на првиот спрат (два за ученици и два за вработени), 2 (два) на вториот спрат и 1 (еден) во монтажниот објект за учениците со посебни образовни потреби и истите се во добра состојба.

Затоплувањето во училишните објекти е со сопствено парно греење на течно гориво (нафта).

Во училишната зграда им пристапност за учениците со телесни пречки во развојот, а во училиштето нема ученик со телесна попреченост.

Во училиштето има распоред за максимално искористување на расположливите капацитети за изведување на настава.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со потребна литература и наставни нагледни средства и помагала за реализација на наставата, но не во доволна мера и застарени изданија. Училиштето ги утврдува потребите за наставни нагледни средства и помагала на состаноците на наставнички совет, преку активите во училиштето, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема, но нема систем за следење на нивната употреба и одржување, и истите ги обновува согласно финансиските можности.

Од наставни помагала, училиштето располага со 12 ЛЦД проектори, 5 фотокопири, 10 касетофони, 6 принтери, 3 монитори, 20 компјутери за учениците, 7 компјутери за стручната служба и секретар, 40 лап топ компјутери за учениците, 40 лап топ компјутери за наставниците, 4 смарт табли, 3 телевизори, географски и историски карти, глобус, микроскоп и микроскопски препарати, геометриски тела и прибор за цртање на геометриски тела, нагледни средства потребни за реализирање на наставните содржини од природните науки  и спортски реквизити за реализирање на наставата по наставниот предмет Физичко и здравствено образование.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање за да ги планираат и користат во наставата и во учењето. Во наставата планирана е примена на ИКТ, но истата се реализира во мал обем.

Училишната библиотека располага со вкупно 14073 примероци на книги. Во училиштето има вкупно 7137 лектирни изданија на албански јазик и 4993 на  македонски јазик. Од стручна литература  вкупно 40 книги на македонски јазик и 53 на албански јазик. Во рамки на библиотечниот простор нема читална и нема медиотека, а просторијата е прилагодена за библиотека. Во библиотеката има компјутер и истиот е поврзан на интернет.  Библиотечната евиденција за издадени и вратени книги се води во инвентарна книга и истата се води уредно. Издавањето и приемот на книги односно задолжувањето се врши со картон на ученикот и картон на книгата. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците со работно време четврток и петок од 08-16 часот, но работното време не е јавно истакнато. За распоредот за работење на библиотеката задолжени се двајца библиотекари со полно рабното време.

Набавката на потрошен материјал се врши со тешкотии, зависно од финансиската можност на училиштето. Средствата за набавка кои се потребни за реализација на наставните и вонnаставните активности, се определени со финансов план, а набавките на потрошен материјал  се вршат согласно планот на училиштето.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети. Од стручна служба во училиштето има 1 (еден) психолог, 1 (еден) педагог, 2 (два) библиотекари. Во училиштето се вработени и 4 (четири) дефектолози односно специјални едукатори и рехабилитатори но истите реализираат настава во паралелките со ученици со посебни потреби. За време на интегралната евалуација во училиштето нема наставници со несоодветно образование.

Наставниот кадар е делумно обучен за работа со деца со посебни образовни потреби, односно наставниот кадар има следено обука за изготвување на индивидуален образовен план и модифицирана програма за децата со попречност категоризирани според МКФ. Помош и поддршка наставниицте добиваат од центарот за поддршка на деца со попреченост формиран во училиштето.  Раководниот кадар и наставниот кадар се обучени за планирање, организација и реализицајиа на активности од меѓуетничка интеграција и интеркултурно образование. Во планирањето на овие активности се вклучува и стручната служба.

Наставата во училиштето ја реализираат 73  наставници од кои 7 наставници имаат завршено втор циклус на студии, 64  наставници се со високо образование, 2 наставници имаат завршено вишо образование, 7. На неопределено работно време се вработени 59 наставници и 14 наставници на определено работно време. Според полот 65 се жени и 8 се мажи, а според етничката припадност 28 наставни се македонци а 45 се албанци. Според работниот стаж во воспитно образовни установи 28 наставници се до 10 години работен стаж, 20 наставници се со стаж од 11-20 години, 18 наставници се со работен стаж од 21-30 година, а 7 наставници имаат работен стаж повеќе од 30 години.

Наставниците го почитуваат работното време и истите се евидентираат во книга за евиденција. Вработените се редовни на работа и ги почитуваат работните задачи, а редовноста ја следи директорот. Во случај на отсуство на наставник училиштето обезбедува замена.

Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во училиштето има 2 (двајца) наставници – приправници. Со нив работа определен наставник – ментор, во согласност со изготвена програма за работа со наставник-приправник. Во училиштето има 1 (еден) наставник кој напредувал во звање наставник-ментор според одредбите дефинирани во Законот за наставници и стручни соработници.

Наставниците успешно работаат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето, како и за успешна и унифицирана реализација на наставните планови и програмите кои се применуваат. Во училиштето формирани се 5 (пет) стручни активи и тоа: актив на одделенска настава, актив на предметна настава, актив на природна група предмети, актив на општествена група предмети, актив на јазичари, актив по информатика и математика и актив по физичко и здравствено образование. При ангажирање на наставниот кадар се земаат предвид соодветна класификација, согласно нормативот. Во библиотеката ангажирани се две лица кои се вработени со полно работно време. Во случаи на отсуство на наставен кадар се изнаоѓа соодветна замена, во соработка со основачот, или пак се менува распоредот на часови за пополнување на часовите.

Стручната служба повремено помага на наставниот кадар во случај кога наставниците имаат потреба од помош и поддршка, во насока на организацијата и реализацијата на наставата. Исто така стручниот соработник - педагог ги следи постигнувањата и напредокот на учениците, а повремено, заедно со училишниот психолог учествуваат во справувањето со проблемите на учениците. Стручните соработници во своите програми за работа планираат активности за работа со учениците и наставниците, но истите се реализираа во мал обем.

Во училиштето формиран е Училишен инклузивен тим, како и инклузивни тимови за работа со учениците со посебни образовни потреби категоризирани според МКФ и со дел од нив се работи според индивидуален образовен план а за дел според модифицирана програма. Во училиштето се делегирани 3 (три) образовни асистенити во соработка со ОУРЦ „Др.Златан Сремец“ – Скопје за 4 (четири) ученици со попреченост инклузирани во редовна настава. Училиштето преку наставниците има детектирано ученици со потешкотии во учењето, но многу мал дел од наставниците планираат и реализираат диференцирани цели и активности. Од обработените прашалници, како и од разговорите кои за време на интегралната евалуација се водеа со таргет наставници и родители се потенцира недоволната поддршка и соработка со стручната служба во училиштето.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во рамки на Годишната програма за работа на директор, Помошник на директор и стручна служба, планирани се посети на часови кај сите наставници вработени во училиштето и за истото училиштето има изготвено интерен инструмент за следење, но последните три учебни години училиштето не поседува докази за резултати од следење и посета на наставни часови односно не е извршена следење на работата на наставниците и наставниот процес преку посета на наставни часови.

Училиштето изготвува Програма за професионален и кариерен развој на наставниот кадар, и истата се темели на личен план за професионален развој изготвен од наставниците индивидуално. Најголем дел од наставниот кадар има изготвено индивидуални програми за професионален и кариерен развој.

Во училиштето постојат примери и извештаи од реализирани дисеминации на знаења, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Училиштето учествува во интерни и екстерни обуки за меѓуетничка интеграција, вклучени се во семинари и обуки кои се организирани од БРО, МОН, високо-образовни институции, акредитирани здруженија и организации, но очигледна е потреба од дополнителни обуки за работа со учениците со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето.

Наставниците индивидуално ги ажурираат своите професионални досиеа. Ажурирањето го вршат самите наставници, а повремено и стручната служба.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето при донесување на завршната сметка на училиштето. Училиштето, освен блок дотации во изминатите три учебни години немал дополнителни средства од други извори. Буџетот се користи за тековни трошоци со цел квалитетна реализација на наставата и учењето и подобрување на постигањата на учениците.

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и донесуваат од страна на училишен одбор.

За финансиското работење училиштето го информира основачот и Министерство за образование и наука преку изготвување на полугодишен и годишен извештај.

Училиштето по потреба бара средства од локалната и деловната заедница за подобрување на условите во училиштето. Училиштето според потребата и можностите интервенира за подобрување на инфраструктурата, но нема доволно финансиски средства за реализација.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор во ООУ „Лирија“ општина Тетово е составен од 7 (седум) членови и истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Во моментот на реализација на интегралната евалуација сите членови имаат важечки мандат. Училишниот одбор има Деловник за работа но истиот имам потребе од измени и дополнувања поради усогласување со важечките законски регулативи. Состаноците се одржуваат и реализираат со утврден кворум за работа. Членовите на училишниот одбор се запознаени со законските одредби и Статутот на училиштето за работите кои се однесуваат на надлежностите и работењето на упрваниот орган. Училишниот одбор истакнува потреба од обука за успешно и целосно извршување на нивните обврски дефинирани во Законот и подзаконските акти. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури, и повремено обезбедува информации за својата работа на другите субјекти вклучени во образовниот процес.

Училишниот одбор недоволно покренува иницијативи за активности кои се однесуваат на креирање на училишните политики, како и иницијативи за планирање и организаирање на активности кои ја отсликуваат образовната стратегија на државата во целина.

Градоначалникот на општина Тетово со Решение со деловоден број 15-8093/1 од 30.05.2023 година именувал вршител на должност Директор – Фарије Касами од редот на вработените во училиштето.

Раководниот орган има визија за развојот на училиштето и со истата се запознаени чинителите во училишната организација и истата ги отсликува реалните потреби на училиштето. Раководниот орган повремено го следи работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес, донесува одлуки, се фокусира на приоритетите кои се поставени во училиштето и од претходните директори, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.

Раководниот орган на училиштето е активен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младински граѓански активизам и за истото во училиштето постојат пишани докази.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Целите на училиштето, како и мисијата и визијата на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната, образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици.

Училиштето има спроведено Самоевалуација, како и донесено Програма за развој и Годишна програма за работа. При донесување на програмските документи на училиштето се почитуваат законските процедури, но во училиштето нема пропишани процедури за донесување на училишни политики. Училиштето не прави евалуација на развојното планирање.

Вработените се запознаени со мисијата и визијата и се прават напори за нивно остварување. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

За реализација на целите ВД Директорката како законски претставник на училиштето соработува со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Државниот испитен центар, Државен просветен инспекторат, како и со

локалната и деловната заедница во општината, и други органи на државната управа и субјекти кои се од интерес за успешното работење на училиштето.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Разменување на искуства за планирањата и реализацијата на наставата помеѓу стручните активи во одделенска настава;
- Воспоставена процедура за избор на изборни предмети;
- Формиран центар за помош и поддршка во учењето и работа со деца со посебни образовни потреби, со што е обезбедена стручна помош и поддршка за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Планирани и реализирани бројни активности од меѓуетничката интеграција и унапредување на интеркултурализмот кај учениците , прифаќање на различностите, надминување на бариерите, стереотипите и предрасудите и развивањето на граѓанската свест и активизам, како интерно во рамки на училиштето, така и со партнер училиштето
- Стручна помош и поддршка на наставниците кои го поминуваат приправничкиот стаж и се подготвуваат за полагање на стручен испит од страна на наставник – ментор кој напредувал во звање согласно законската регулатива.
- Училиштето има пишани протоколи во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците, другите вработени, во кои јасно се наведени начелата и постапувањето на сите чинители на воспитно-образовниот процес во училиштето.

## 8.2 Слаби страни

- Наставниците во планирањата немаат планирано диференцирани активности за работа со талентирани ученици и ученици со потешкотии во учењето, и поголем дел од наставниците не изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците
- Реализирани се многу мал број на советувања на родители и истите не се во согласност со реалната потреба од советувања.
- Потреба од дополнителен просторен капацитет за реализација на кабинетска настава.
- Наставата по Информатика се реализира во импровизрана училница која не ги исполнува условите за реализација на наставата.
- Потреба од фискултурна сала за соодветна реализација на наставата по Физичко и здравствено образование во согласност со нормативите и стандардите за изведување на наставата и во согласност со бројот на ученици во училиштето.
- Стручната служба во училиштето повремено ги ажурира професионалните досиеја односно картони на наставниците.
- Во училиштето за последните три учебни години не се реализирани посети на наставни часови со цел следење на работата и реализација на наставата, од страна на директорот на училиштето и стручната служба.
- Училиштето нема воспоставени процедури за покренување на иницијативи за активности кои се однесуваат на креирање на училишни политики и афирмирање на училиштето.
- Учениците и родителите училиштето го доживуваат како делумно безбедна средина за учење и постојат примери за насилство помеѓу учениците, а во училиштето не се применува Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување донесено од Министер за образование и наука.

- Недоволна помош и поддршка, како и реализирани активности од страна на стручната служба за професионалната ориентација на учениците.
- Училиштето нема интерен акт или правилник за избор на ученик на генерација.
- Деловникот за работа на Училишниот одбор не е усогласен со важечките законски регулативи.

## 8.3 Препораки

- Да се планираат диференцирани активности со учениците и редовно да се употребуваат наставни техники.
- Да се реализираат советувања на родителите и учениците во согласност со потребите и условите дефинирани во законот за основно образование.
- Да се планира и отпочне постапка за проширување на просторниот капацитет со цел реализација на кабинетска настава, особено по Информатика и Природните науки.
- Да се отпочне постапка за реконструкција или изградба на спортска сала за потребите за наставата по Физичко и здравствено образование во согласност со нормативите и бројната состојба на ученици.
- Редовно и континуирано ажурирање на педгошките картони на наставниците од страна на задолжено лице од стручната служба
- Континуирано следење на наставниот процес преку посета на наставни часови од страна на ВД директорката и стручната служба, а во согласност со нивните годишни планирања.
- Училиштето да воспостави процедури за покренување на иницијативи за активности кои се однесуваат на креирање на училишни политики .
- Да преземе мерки и активности за спречување насилство во училиште, доследна примена на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување донесено од Министер за образование и наука и создавање на безбедна средина за учење и вопситување
- Обезбедување на соодветна помош и поддршка, како и реализирани активности од страна на стручната служба а во однос на професионалната ориентација на учениците.
- Училиштето да креира и донесе интерен акт или правилник за избор на ученик на генерација.
- Училишниот одбор да изготви Деловник за работа .

| | |
|---|---|
| **Андријана Томовска**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Afrim Saliu**, Главен инспектор | |
| **Ylber Zenki**, Виш-инспектор | |
| **Андреја Ѓорѓески, Советник –државен просветен инспектор** | |